# НАБАВКА НА ВОЗИЛО ЗА КОМУНАЛЕН ОТПАД СО КАПАЦИТЕТ ОД МИНИМУМ 10М3

МИНИСТЕРОТ ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ЗЛАТКО ПЕРИНСКИ, АМБАСАДОРКАТА НА ШВАЈЦАРИЈА НЕ ВЕРОНИК УЛМАН И ПОСТОЈАНИОТ ПРЕТСТАВНИК НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ АРМЕН ГРИГОРИЈАН ЈА ПОСЕТИЈА НАШАТА ОПШТИНА.

СЕ ОДРЖА  СОСТАНОК КАДЕ ШТО СЕ ДИСКУТИРАШЕ А РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ПРОЕКТОТ „ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ“, ОПШТИНА КАРБИНЦИ УСПЕШНО ГО РЕАЛИЗИРАШЕ ЦЕЛИОТ ФОРУМСКИ ПРОЦЕС КАДЕ ШТО ПРВОРАНГИРАН И ПРИОРИТЕТЕН ПРОЕКТ БЕШЕ "НАБАВКА НА ВОЗИЛО ЗА КОМУНАЛЕН ОТПАД СО КАПАЦИТЕТ ОД МИНИМУМ 10М3".

ОПШТИНА КАРБИНЦИ СО УСПЕШНАТА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ, ПРЕКУ АКТИВНО УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ НА ЛОКАЛНО НИВО, ЗНАЧИТЕЛНО ЈА ПОДОБРИ ТРАНСПАРЕНТНОСТА И ОТЧЕТНОСТА ПРЕД ЈАВНОСТА, ТОА БЕШЕ ПОЗИТИВНО ОЦЕНЕТО ОД СТРАНА НА МЕЃУНАРОДНИОТ ФАКТОР И ПОДРЖАНО ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА.









# СВЕЧЕН ПОЧЕТОК ЗА ПРВАЧИЊАТА ОД ООУ „СТРАШО ПИНЏУР"

УСПЕШЕН ПОЧЕТОК НА УЧЕБНАТА ГОДИНА НА СИТЕ НОВОЗАПИШАНИ ПРВАЧИЊА! ОПШТИНА КАРБИНЦИ ИМ ПОСАКУВА ДА СЕ СТРЕМАТ ДА СЕ РАЗВИВААТ И ИЗГРАДАТ КАКО ИНДИВИДУИ А СО САМОТО ТОА ДА СИ ОВОЗМОЖАТ И ПОДОБРА ИДНИНА БИДЕЈЌИ ОБРАЗОВАНИЕТО Е ЧЕКОР КОН УСПЕХОТ!

ОПШТИНА КАРБИНЦИ И ОВАА ГОДИНА ДОДЕЛИ БЕСПЛАТНИ УНИФОРМИ И УЧИЛИШЕН ПРИБОР ЗА СЕКОЕ ПРВАЧЕ, ИСТО ТАКА ЌЕ ДОДЕЛИ ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ НА СЕМЕЈСТВАТА СО ПРВАЧЕ ВО ВИСИНА ОД 3.000 ДЕНАРИ КОЈ СЕ ИСПЛАЌА ВО БРУТО ИЗНОС ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА.
ЦЕЛТА НА ОВОЈ ПРОЕКТ Е ДА СЕ ОЛЕСНАТ ТРОШОЦИТЕ НА РОДИТЕЛИТЕ ЗА НОВИОТ УЧЕНИК ВО СЕМЕЈСТВОТО И ПОДОБРИ УСЛОВИ ВО ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС ЗА СЕКОЕ ДЕТЕ.



СРЕЌНО ПРВАЧИЊА!

ОПШТИНА КАРБИНЦИ

# МЕСЕЧЕН ИНФОРМАТОР

СЕПТЕМВРИ, 2024



WWW.KARBINCI.GOV.MK

# ГРАДЕЖНА ОФАНЗИВА ВО ОПШТИНА КАРБИНЦИ



ЗАПОЧНАА ГРАДЕЖНИТЕ АКТИВНОСТИ ЗА ИЗГРАДБА НА ДВЕ НОВИ УЛИЦИ ВО С.КУЧИЦА СО ВКУПНА ДОЛЖИНА ОД 1 КИЛОМЕТАР., НОВИ АСФАЛТИРАНИ УЛИЦИ НАСКОРО ЌЕ ДОБИЈАТ С.КОЗЈАК, С.АРГУЛИЦА, С.РАДАЊЕ И С.ТАРИНЦИ.

СО ОВИЕ АКТИВНОСТИ, ДИРЕКТНО СЕ ПОДОБРУВААТ ПРИСТАПНИТЕ ПАТИШТА ДО ДОМОВИТЕ НА ЖИТЕЛИТЕ ОД ПОВЕЌЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА ВО НАШАТА ОПШТИНА. СО СЕКОЈ НОВ ПРОЕКТ СЕ ПРИБЛИЖУВАМЕ КОН НАШАТА ВИЗИЈА ЗА СОВРЕМЕНА И ПРОСПЕРИТЕТНА ЗАЕДНИЦА И ОПШТИНА СО УЛИЦИ БЕЗ КАЛ!





# ИНСТАЛАЦИЈА НА ФОТОВОЛТАИЧНИ ПАНЕЛИ НА КРОВОВИ НА ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ



ЗАПОЧНУВА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА ИНСТАЛИРАЊЕ НА ФОТОВОЛТАИЧНИ СИСТЕМИ НА КРОВОТ НА ЈАВНИТЕ ОБЈЕКТИ ВО ОПШТИНА КАРБИНЦИ, ФИЛТЕР СТАНИЦАТА, ОПШТИНСКАТА ЗГРАДА И ДЕТСКАТА ГРАДИНКА „КОКИЧИЊА".
ПРОЕКТОТ Е СО ВРЕДНОСТ ОД 2.855.775 ДЕНАРИ А СРЕДСТВАТА СЕ ОБЕЗБЕДЕНИ ПРЕКУ ПРОГРАМАТА ЗА РЕГИОНАЛЕН РАМНОМЕРЕН РАЗВОЈ, ЦЕНТАРОТ ЗА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН И КОФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИНА КАРБИНЦИ СО 10%.



ОЧЕКУВАМЕ ЗНАЧИТЕЛЕН БЕНЕФИТ ВО НАМАЛУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ НА ОВИЕ ИНСТИТУЦИИ ВО ДЕЛОТ НА ПОТРОШУВАЧКА НА ЕЛЕКТРИЧНАТА ЕНЕРГИЈА.

# ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ НА ЦРКВАТА СВ.ДИМИТРИЈА

С.ТАРИНЦИ





ПО ПОВЕЌЕ ОД 15 ГОДИНИ ПАУЗА ЗАПОЧНАА ГРАДЕЖНИТЕ АКТИВНОСТИ НА ЦРКВАТА СВ.ДИМИТРИЈА ВО СЕЛО ТАРИНЦИ.
ВО ПРИСУСТВО И СО БЛАГОСЛОВ НА МИТРОПОЛИТОТ БРЕГАЛНИЧКИ ГОСПОДИН ИЛАРИОН, А СО ПОМОШ НА ДОНАТОРИ, С.ТАРИНЦИ КОНЕЧНО ЌЕ ДОБИЕ ЦРКОВЕН ХРАМ.





